**З А П И С Н И К**

**од дваесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата**

**за електронски комуникации за 2026 година**

Дваесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 12.06.2026 година во 13:30 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, Анѓелка Диневска, Насер Адеми, Анкица Трпковска и д-р Адмирим Алити. На состанокот присуствуваше и Директорот на Агнцијата за електронски комуникации, Nusret Haliti.

За овој состанок беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за дваесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
2. Усвојување на записникот од деветнаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
3. Барање на согласност за јавна набавка на услуга- Одржување на систем за управување со радиофреквенцискиот спектар( превентивно и адаптивно одржување);
4. Барање на согласност за јавна набавка на стока-Автогуми за службени моторни возила на Агенцијата за електронски комуникации;
5. Барање на согласност за дополнување на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година;
6. Барање за усвојување на Предлог-Одлуката за користење на нереализирани средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2025 година;
7. Барање за усвојување на Предлог-Измена и дополнување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година;
8. Разно.

Претседателот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите присутни членови на Комисијата се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за дваесеттиот состанок во 2026 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со точка 3 од дневниот ред, Комисијата едногласно даде согласност за јавна набавка на услуга- Одржување на систем за управување со радиофреквенцискиот спектар( превентивно и адаптивно одржување).

Во врска со точка 4 од дневниот ред, Комисијата едногласно даде согласност за јавна набавка на стока- Автогуми за службени моторни возила на Агенцијата за електронски комуникации.

Во врска со точка 5 од дневниот ред, Комисијата едногласно даде согласност за дополнување на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година.

Во врска со точка 6 Комисијата едногласно ја усвои Предлог-Одлуката за користење на нереализирани средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2025 година, пред објавување на јавна расправа согласно член 13 од Законот за електронските комуникации.

Во врска со точка 7 Комисијата едногласно даде согласност за Предлог-Измена и дополнување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година и истите ги усвои, пред објавување на јавна расправа согласно член 13 од Законот за електронските комуникации.

Седницата заврши во 15:30 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател________
Анкица Трпковска, заменик претседател________
Анѓелка Диневска, член________________
Насер Адеми, член____________________
Д-р Адмирим Алити, член________________

Наш број 1102-27/2
Скопје 12.06.2026 година